# Еу регулатива за надлежност, признавање и извршување на судските одлуки во брачните спорови и споровите поврзани со родителска одговорност

# Домашно законодавство за надлежност и извршување во семејните спорови со меѓународен елемент

# Закон за судовите

- Чл.2 -Судовите судат и своите одлуки ги засноваат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

- Чл.8 - Судот се повикува на судска ненадлежност само кога со закон изрично е предвидена надлежност за решавање на конкретно барање на друг државен орган.

  Судот не може да отфрли барање за остварување на определено право со образложение дека постои правна празнина и должен е да одлучува по него, со повикување на општите начела на правото, освен кога тоа изрично е забрането со закон.

# Закон за судовите

- Чл. 18 -Кога судот смета дека примената на законот во конкретниот случај е во спротивност со одредбите на меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот ќе ги примени одредбите од меѓународниот договор, под услов тие да можат директно да се применат.
- Судот во конкретните случаи непосредно ги применува конечните и извршни одлуки на Европскиот суд за човекови права, на Меѓународниот казнен суд или на друг суд, чијашто надлежност ја признава Република Македонија
- Судот при одлучувањето е должен да ги применува ставовите изразени во конечни пресуди на Европскиот суд за човекови права.

# Закон за парнична постапка

- Чл. 26 - Суд во Република Македонија е надлежен за судење кога неговата надлежност во спор со меѓународен елемент е изрично определена со закон или со меѓународен договор. Ако во законот или во меѓународниот договор нема изрична одредба за надлежноста на суд во Република Македонија за определен вид спорови, тогаш суд во Република Македонија е надлежен за судење во тој вид спорови и кога неговата надлежност произлегува од одредбите на законот за месната надлежност на суд во Република Македонија.

# Закон за парнична постапка

- Чл.41 - За судење во спорови против државјанин на Република Македонија кој постојано живее во странство каде што е упатен на служба или на работа од страна на државен орган или правно лице, општо месно надлежен е судот на неговото последно живеалиште во Република Македонија.

- Чл.59 -Ако во странска држава државјанин на Република Македонија може да биде тужен пред суд кој според одредбите од овој закон не би бил месно надлежен за судење во таа граѓанско-правна работа, истата надлежност ќе важи и за судење на државјанин на таа странска држава пред суд во Република Македонија.

# Закон за меѓународно приватно право

- Чл.1 -Овој закон содржи правила за определување на меродавното право за личните (статусните), семејните, работните, имотните и други материјално-правни односи со меѓународен елемент.Овој закон содржи и правила за надлежноста на судовите и другите органи на Република Македонија за расправање на односите од ставот (1) на овој член, правила на постапката и правила за признавање на странските судски одлуки и одлуки на другите органи на странска држава.

- Чл.2 -Одредбите на овој закон не се применуваат на односите од членот 1 на овој закон, ако се регулирани со друг закон или со меѓународни договори.

# Општи правила
## (лица со повеќе државјанства)

- Чл.11 -Ако лицето кое е државјанин на Република Македонија има државјанство и на некоја друга држава, за примената на овој закон се смета дека има државјанство само на Република Македонија.
- Ако лицето кое не е државјанин на Република Македонија има две или повеќе странски државјанства, за примената на овој закон се смета дека има државјанство на онаа држава чиј што државјанин е и во која има живеалиште.
- Ако лицето од ставот (2) на овој член нема живеалиште во ниту една од државите чиј што државјанин е, за примената на овој закон се смета дека има државјанство на онаа држава чиј што е државјанин и со која е во најтесна врска.

# (Лица без државјанство)

- Чл.12 -Ако лицето нема државјанство или неговото државјанство не може да се утврди, меродавното право се определува според неговото живеалиште.

  Ако лицето од ставот (1) на овој член нема живеалиште или тоа не може да се утврди, меродавното право се определува според неговото престојувалиште.

  Ако не може да се утврди ни престојувалиштето на лицето од ставот (1) на овој член, меродавно е правото на Република Македонија.

# Вообичаено престојувалиште

- Чл.12-а -За примената на овој закон под вообичаено престојувалиште на физичко лице се смета местото во кое лицето има воспоставено траен центар на животните активности, при што не е неопходно да биде исполнета каква било формалност поврзана со пријавување или добивање на дозвола за престој од надлежните државни органи. При определувањето на тоа место посебно треба да се земат предвид околностите од личен или професионален карактер, кои произлегуваат од трајните врски на лицето со тоа место или од намерата да создаде такви врски. Ќе се смета дека физичкото лице има вообичаено престојувалиште во одредена држава, доколку на нејзина територија непрекинато престојува подолго од шест месеци.
- По исклучок од ставот (1) на овој член, за примената на овој закон, под вообичаено престојувалиште на физичкото лице кое врши трговска активност се смета главното место во кое ја врши дејноста.
- За примената на овој закон, под вообичаено престојувалиште за трговските друштва и за другите правни лица, се смета местото во кое се наоѓа главната управа на тоа лице. Кога настанот од кој произлегла штетата ќе се случи, или штетата ќе настане од работењето на подружница, претставништво или друга деловна единица, местото во кое се наоѓаат таа подружница, претставништво или друга деловна единица, ќе се смета како место на вообичаеното престојувалиште.

# Општо правило за меѓународна надлежност

- Чл.52- Надлежност на судот на Република Македонија постои ако тужениот има живеалиште, односно седиште во Република Македонија.

  Ако тужениот нема живеалиште во Република Македонија ниту во некоја друга држава, надлежност на судот на Република Македонија постои ако тужениот има престојувалиште во Република Македонија.

  Ако во парницата има повеќе тужени со својство на материјални сопарничари, надлежност на судот на Република Македонија постои и кога еден од тужените има живеалиште, односно седиште во Република Македонија.

  Ако со истата тужба се тужени и главниот должник и гарантот, судот на Република Македонија е надлежен и тогаш кога е надлежен за тужба против главниот должник.

  Судот на Република Македонија е надлежен и за противтужба, доколку барањето од противтужбата е во врска со тужбеното барање.

# Исклучива месна надлежност и надлежност врз основа на странско право

- Чл.54- Судот на Република Македонија е исклучиво надлежен, кога тоа е изрично определено со овој или со друг закон.
- Чл.55- Ако во странска држава постои надлежност на странски суд во спорови против државјани на Република Македонија според критериумите за надлежност што ги нема во одредбите за надлежноста на суд на Република Македонија, тие критериуми ќе бидат меродавни за постоењето надлежност на суд на Република Македонија во споровите во кои тужениот е државјанин на таа странска држава.

# Спогодбена и согласна меѓународна надлежност

- Чл. 56- Странките можат да се договорат за надлежноста на странски суд само ако барем едната од нив е странски државјанин или правно лице со седиште во странство, а не е во прашање спор за кој, Според одредбите на овој или на друг закон, постои исклучива надлежност на судот на Република Македонија.

  Странките можат да се договорат за надлежноста на судот на Република Македонија, ако барем едната странка е државјанин на Република Македонија или правно лице со седиште во Република Македонија.

  Одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член не се применуваат кога е во прашање надлежност во работите од членовите 73 до 83 на овој закон.
- Чл. 57- Во случаите во кои е дозволено договорање на надлежност на судот на Република Македонија согласно со одредбите од членот 56 ставови (3) и (4) на овој закон, надлежност на судот на Република Македонија може да постои и врз основа на согласноста на тужениот.

  Се смета дека тужениот се согласил со надлежноста на судот на Република Македонија, доколку поднел одговор на тужбата или приговор против платниот налог или ако на подготвителното рочиште, односно кога такво рочиште немало на првото рочиште за главна расправа, се впуштил во расправа по главната работа, а не ја оспорил надлежноста.

# Меѓународна надлежност за брачните спорови

- Чл.73- Надлежност на судот на Република Македонија постои во споровите заради утврдување на постоење или непостоење на брак, поништување на брак или развод на брак (брачни спорови) и кога тужениот нема живеалиште во Република Македонија, ако:
- двајцата брачни другари се државјани на Република Македонија, без оглед на тоа каде имаат живеалиште или
- тужителот е државјанин на Република Македонија и има живеалиште во Република Македонија или
- брачните другари имале свое последно живеалиште во Република Македонија, а тужителот во времето на поднесувањето на тужбата има живеалиште или престојувалиште во Република Македонија.
- Ако тужениот брачен другар е државјанин на Република Македонија и има живеалиште во Република Македонија, надлежноста на судот на Република Македонија е исклучива.

- Чл.74- Надлежност на судот на Република Македонија во споровите од членот 73 на овој закон постои и кога брачните другари се странски државјани кои имале последно заедничко живеалиште во Република Македонија, но само ако во тие случаи тужениот се согласува да суди суд на Република Македонија и ако според прописите на државата чии државјани се брачните другари е дозволена таа надлежност.

- Чл.75- Во споровите за развод на брак надлежност на суд на Република Македонија постои и ако тужителот е државјанин на Република Македонија, а правото на државата чиј суд би бил надлежен не го предвидува разводот на брак.

# Меѓународна надлежност за споровите за утврдување или оспорување на татковство или мајчинство

- Чл.76- Во споровите за утврдување или оспорување на татковство или мајчинство, надлежност на судот на Република Македонија постои и кога тужениот нема живеалиште во Република Македонија, и тоа ако:
- тужителот и тужениот се државјани на Република Македонија, без оглед на тоа каде имаат живеалиште или
- тужителот е државјанин на Република Македонија и има живеалиште во Република Македонија.
- Ако е поднесена тужба против дете кое е државјанин на Република Македонија и има живеалиште, односно престојувалиште во Република Македонија, надлежноста на суд на Република Македонија е исклучива.
- Чл.77- Надлежност на судот на Република Македонија во споровите од членот 76 на овој закон постои и кога странките се странски државјани, ако тужителот или еден од тужителите има живеалиште во Република Македонија, но само ако тужениот се согласува да суди суд на Република Македонија и ако според прописите на државата чиј државјанин е тој е допуштена таа надлежност.

# Меѓународна надлежност за споровите за чување, подигање и воспитување на деца

- Чл.78- Надлежност на судот на Република Македонија постои во споровите за чување, подигање и воспитување на деца кои се под родителска грижа и кога тужениот нема живеалиште во Република Македонија, ако двајцата родители се државјани на Република Македонија или ако детето е државјанин на Република Македонија со живеалиште во Република Македонија.

  Ако тужениот и детето се државјани на Република Македонија и ако двајцата имаат живеалиште во Република Македонија, надлежноста на судот на Република Македонија е исклучива.

  Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, како и одредбите од членот 52 на овој закон, соодветно се применуваат и на определувањето на надлежноста на други органи на Република Македонија кога одлучуваат за чување, подигање и воспитување на деца под родителска грижа.

# Меѓународна надлежност во споровите за издршка

- Чл.79- Надлежност на судот на Република Македонија во споровите за законско издржување на деца постои и кога тужениот нема живеалиште во Република Македонија, ако:
- детето поднесува тужба и има живеалиште во Република Македонија или
- тужителот и тужениот се државјани на Република Македонија, без оглед на тоа каде имаат живеалиште или
- тужителот е малолетно дете и е државјанин на Република Македонија.

  Надлежност на судот на Република Македонија во споровите за законско издржување меѓу брачни другари и меѓу поранеши брачни другари постои и ако брачните другари имале свое последно заедничко живеалиште во Република Македонија, а тужителот во моментот на поднесувањето на тужбата и натаму има живеалиште во Република Македонија.

- Чл.80- Надлежност на судот на Република Македонија во споровите за законско издржување постои и ако тужениот има имот во Република Македонија од кој може да се наплати издржувањето.

# Меѓународна надлежност во споровите за заштита воспитување и издршка на деца  и во врска со родителското право

- Чл.81- Судот на Република Македонија е надлежен за одлучување за заштита, воспитување и издржување на деца и тогаш кога тие спорови се решаваат заедно со споровите од позаконување или споровите за утврдување или оспорување на татковство или мајчинство, за кои според овој закон е надлежен судот на Република Македонија.

- Чл.82- При одлучување за лишување и враќање на родителско право, продолжување на родителско право, ставање на родителот во положба на старател во поглед на управувањето со детскиот имот, огласување на дете за родено во брак, како и при одлучување за други работи што се однесуваат на личната состојба и на односите меѓу родители и деца, надлежност на судот на Република Македонија постои и кога не постојат претпоставките од членот 52 став (3) на овој закон, ако подносителот на барањето и лицето спрема кое се поднесува барањето се државјани на Република Македонија, односно кога во постаттката учествува само елно лице, ако тоа лице е државјанин на Република Македонија.

  За работите од ставот (1) на овој член, надлежност на судот на Република Македонија постои и тогаш кога детето е државјанин на Република Македонија и има живелаиште во Република Македонија.

# Меѓународна надлежност за давање дозвола за стапување во брак на малолетник

- Чл.83- За давање на дозвола за стапување во брак на малолетник, надлежност на судот на Република Македонија постои ако подносителот на барањето е државјанин на Република Македонија, односно ако еден од подносителите на барањето е државјанин на Република Македонија, без оглед на тоа каде лицата, кои сакаат да стапат во брак, имаат живеалиште.

  Надлежноста на судот на Република Македонија е исклучива ако малолетникот кој бара дозвола за стапување во брак е државјанин на Република Македонија, односно ако двете лица кои сакаат да стапат во брак се државјани на Република Македонија, а бракот се склучува во странство.

# Меѓународна надлежност за посвојување

- Чл.87-Органот на Република Македонија исклучиво е надлежен да одлучува за посвојувањето и за престанокот на посвојувањето на лице кое е државјанин на Република Македонија и има живеалиште во Република Македонија.

  Органот на Република Македонија е надлежен да одлучува за посвојување и за престанок на посвојувањето ако лицето кое посвојува е државјанин на Република Македонија и има живеалиште во Република Македонија.

  Кога брачните другари заеднички посвојуваат, за да постои надлежност на органот на Република Македонија доволно е еден од брачните другари да е државјанин на Република Македонија.

# Меѓународна надлежност за работите на старателство

- Чл.88- Органот на Република Македонија исклучиво е надлежен во работите на старателството на државјани на Република Македонија, без оглед на тоа каде имаат живеалиште, ако со овој закон поинаку не е определено.
- Чл.89- Органот на Република Македонија нема да донесе одлука и да презема мерки во работите на старателството на државјанин на Република Македонија кој има живеалиште во странство, ако утврди дека органот надлежен според правото на странската држава донел одлука или презел мерки со кои е обезбедена заштита на личноста, правата и интересите на државјанинот на Република Македонија.